**2011033796**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и 8 и член 56 став 1 точка 4 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010 и 156/2010), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на 17 февруари 2011 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА УСЛУГИ ВО БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА АКУТНИ СЛУЧАИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи („Службен весник на Република Македонија" број 164/2008, 5/2009, 8/2009, 18/2009, 158/2009, 2/2010, 9/2010, 16/2010, 81/2010 и 171/2010), во членот 2, во табелата, кај услугата со ДСГ код D01Z - „Вградување на кохлеарен имплант", во колоната 4 бројот „241.673" се заменува со бројот „1.107.000".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-2503/16<br>17 февруари 2011 година<br>Скопје

Управен одбор<br>Претседател,<br>**Ирфан Хоџа**, с.р.